Службен весник на Република Македонија

Број 27 **15 февруари 2016, понеделник** **година LXXII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
703.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за работните односи ...	**3**
704.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување	**4**
705.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за инвалидски организации	**8**
706.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата .	**9**
707.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања	**12**
708.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица	**13**
709.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност	**16**
710.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција	**18**
711.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи	**21**
712.	**Закон** за изменување на Законот за Фондот за осигурување на депозити	**22**
713.	**Закон** за изменување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА)	**22**
714.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар	**23**
715.	**Закон** за изменување на Законот за финансиската полиција	**23**
716.	**Закон** за изменување на Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам	**24**
717.	**Закон** за изменување на Законот за државната ревизија	**24**
718.	**Закон** за изменување на Законот за јавните набавки	**25**
719.	**Закон** за изменување на Законот за воздухопловство	**26**
720.	**Закон** за изменување на Законот за државната статистика	**27**
721.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор	**27**
722.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права	**29**
723.	**Закон** за дополнување на Законот за здравственото осигурување	**37**
724.	**Одлука** за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2016 година	**38**

		Стр.
725.	**Одлука** за одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2016 година	**38**
726.	**Одлука** за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2016 година	**38**
727.	**Одлука** за давање согласност на Предлогот на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година	**39**
728.	**Одлука** за давање согласност на Предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година	**39**
729.	**Уредба** за класификација на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија	**39**
730.	**Уредба** за начинот на користење на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија и единиците на локална самоуправа	**44**
731.	**Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година	**45**
732.	**Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје	**48**
733.	**Одлука** за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација	**48**
734.	**Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности	**49**
735.	**Одлука** за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања	**49**
736.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите	**49**
737.	**Одлука** за давање согласност на Годишниот извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за период од 1.1.2015 до 31.12.2015 година	**54**
738.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија	**54**
739.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија	**54**
740.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**55**
741.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**55**
742.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**55**
743.	**Одлука** за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Пробиштип	**56**
744.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**56**
745.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**57**
746.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**57**
747.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**58**
748.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**58**
749.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**58**
750.	**Одлука** за продажба на движна ствар	**59**
751.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Филозофски факултет - Скопје	**59**
752.	**Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за продажба на недвижни ствари-објекти	**59**
753.	**Одлука** за давање на трајно користење недвижна ствар на Министерството за финансии	**60**
754.	**Одлука** за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација	**60**
755.	**Одлука** за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација	**60**
756.	**Одлука** за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање	**61**
757.	**Одлука** за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари	**61**
758.	**Одлука** за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на капацитети за флаширање на вода за комерцијални потреби	**61**
759.	**Одлука** за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Државна изборна комисија	**62**
760.	**Програма** за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2016 година	**68**
761.	**Упатство** за изменување на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи	**68**
762.	**Правилник** за изменување на Правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде во закуп	**80**
	Огласен дел	**1-80**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

703.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2016 година.

Бр. 08-880/1
9 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 и 129/15), во член 191 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член го пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

Член 2

Во членот 192 став (1) по зборот „решение" се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од членот 191 став (1) од овој закон."

Член 3

Во членот 213-а зборовите: „министерот надлежен" се заменуваат со зборовите: „министерството надлежно".

Член 4

Во член 213-в по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член го пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

Член 5

Во членот 213-г став (2) зборовите: „Министерот надлежен" се заменуваат со зборовите: „Министерството надлежно", а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на донесувањето на предлогот на Комисијата."

Во ставот (3) по зборот „жалба" се додаваат зборовите: „во рок од 15 дена од денот на приемот на решението".

Член 6

Во членот 258-а став (9) зборовите: „на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот" се заменуваат со зборовите: „согласно со Законот за општата управна постапка".

Член 7

Во членот 266 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице, ако не донесе решение за утврдување на репрезентативност во рок од 15 дена од денот на донесувањето на предлогот на Комисијата (член 213 -г став 2).

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)" се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)."

Член 8

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MARRËDHËNIE PUNE

Neni 1

Në Ligjin për marrëdhënie pune ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 dhe 129/15) në nenin 191 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Formularin e kërkesës nga paragrafi (1) i këtij neni e përcakton ministri kompetent për punët nga sfera e punës në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës."

Neni 2

Në nenin 192 në paragrafin (1) pas fjalës "aktvendim" shtohen fjalët: "në afat prej 15 ditësh nga dita e parashtrimit të kërkesës nga neni 191 paragrafi (1) i këtij ligji."

Neni 3

Në nenin 213-a fjalët: "ministri kompetent" zëvendësohen me fjalët: "ministria kompetente".

Neni 4

Në nenin 213-v pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5) si vijon:

"(5) Formularin e kërkesës nga paragrafi (1) i këtij neni e përcakton ministri kompetent për punët nga sfera e punës në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës."

Neni 5

Në nenin 213-g në paragrafin (2) fjalët: "Ministri kompetent" zëvendësohen me fjalët: "Ministria kompetente", kurse pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "në afat prej 15 ditësh nga dita e miratimit të propozimit të Komisionit."

Në paragrafin (3) pas fjalës "ankesë" shtohen fjalët: "në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit".

Neni 6

Në nenin 258-a në paragrafin (9) fjalët: "në mënyrën e përcaktuar nga ministri kompetent për punët nga sfera e punës" zëvendësohen me fjalët: "në pajtim me Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative".

Neni 7

Në nenin 266 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

"Gjobë në shumë prej 25 deri më 50 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit zyrtar, nëse nuk miraton aktvendim për përcaktimin e reprezentativitetit në afat prej 15 ditësh nga dita e miratimit të propozimit të Komisionit (neni 213-g paragrafi 2).

Në paragrafin (2), i cili bëhet paragraf (3), fjalët: "paragrafi (1)" zëvendësohen me fjalët: "paragrafët (1) dhe (2)".

Neni 8

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 9

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me Ligjin me të cilin kanë filluar.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të fillojë të zbatohet me fillimin e zbatimit të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative në pajtim me nenin 141 të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/15).

704.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2016 година.

Бр. 08-881/1
9 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15 и 217/15), во членот 11 став (2) по зборот „осигуреник" се става запирка и се додаваат зборовите: „образецот на кој се поднесува барањето и потребната документација".

Член 2

Во член 12 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Образецот на барањето од ставот (2) на овој член и потребната документација за продолжено осигурување ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

Член 3

Членот 17 се менува и гласи:

„Образецот на барањето и потребната документација за задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на инвалидност и телесно оштетување ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

Член 4

Во член 112 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Утврдување на стаж на осигурување со зголемено траење од ставот (1) на овој член се врши по поднесено барање од осигуреникот до филијалата на Фондот според местото на осигурување.

(4) Образецот на барањето од ставот (3) на овој член и потребната документација за утврдување на стаж на осигурување со зголемено траење ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

Член 5

Во член 117 по ставот 1 се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„2) Исплата на посмртната помош од ставот (1) на овој член се врши по поднесено барање до филијалата на Фондот од лицето кое извршило плаќање на трошоците за погреб.

(3) Образецот на барањето од ставот (2) на овој член и потребната документација за исплата на посмртна помош ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација."

Член 6

Во членот 124 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во електронска форма.".

По ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Евиденцијата на податоците од ставот (1) на овој член содржи придонеси за членовите на задолжителните пензиски фондови од обврзниците за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, пренос на придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови, извршен пренос на придо-

несите, индивидуални сметки на членовите од која се гледа состојбата на придонесите уплатени за членовите во секој задолжителен пензиски фонд и редовни збирни извештаи на барање на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување заради извршување на нејзините функции.“

Член 7

Во член 125 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Утврдувањето на својство на осигуреник за лицата од ставот (4) точки 2), 3) и 5) на овој член се врши по поднесно барање.

(6) Образецот на барањето од ставот (5) на овој член и потребната документација за утврдување на својство на осигуреник на лицата од ставот (4) точки 2), 3) и 5) на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“

Ставот (5) станува став (7).

Ставот (6) кој станува став (8) се менува и гласи:

„(8) Доколку лицата од ставот (4) точки 2), 3) и 5) на овој член не поднесат пријава, својството на осигуреник го утврдува Фондот по службена должност врз основа на податоци од надлежни институции дека лицата ги исполнуваат условите за утврдување на својство на осигуреник, во рок од 15 дена од денот на добивањето на податоците.“

Член 8

Во член 126 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација за остварување на право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија, паричен надоместок за телесно оштетување, барањето и потребната документација за утврдување на инвалидност и образецот на предлогот од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Член 9

Во член 128 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација за промени на состојбата во инвалидноста и телесното оштетување на осигуреникот ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“

Член 10

По членот 131 се додава нов член 131-а, кој гласи:

„Член 131-а

(1) Комисијата за оцена на работната способност води евиденција на донесен наод, оцена и мислење од членот 130 став (1) од овој закон, согласно со Законот за општата управна постапка, која содржи лични податоци за осигуреникот, стручна подготовка на осигуреникот, работно место или професија, гранка на дејноста во којашто работи, назив на работодавачот, анамнеза, медицинска документација користена при донесување на наодот, оценката и мислењето, објективна состојба на осигуреникот при прегелдот, дијагноза на болест со шифра на болест според МКБ-10, оцена и мислење за работаната способност, причина на инвалидност, процент на инвалидност, датум на настаната инвалидност или телесно оштетување и потреба од контролен преглед со датум на контролен преглед.

(2) Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа води евиденција на извршена ревизија од членот 131 од овој закон, согласно со Законот за општата управна постапка, која содржи реден број и број на предмет, датум на доставување на предметот, име и презиме на осигуреникот, матичен број на осигуреникот; мислење дадено во постапка на ревизија, датум на решавање на предметот во постапка на ревизија, односно наод, оцена и мислење од Комисијата за оцена на работната способност или Комисијата за задолжителен контролен преглед.“

Член 11

Во членот 132 став (1) бројот „60“ се заменува со бројот „30“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Решение за правата од пензиското и инвалидското осигурување со примена на одредбите на договори за социјално осигурување донесува Фондот, најдоцна во рок од 90 дена од денот на поднесување на барањето.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 12

Во член 132-а по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Одделението за ревизија од ставот (2) на овој член води евиденција согласно со Законот за општата управна постапка за предметите по кои е извршена ревизија која содржи назив на филијалата која го донела решението, видот на правото, предмети по кои е извршена ревизија, предмети по кои решението е потврдено, предмети по кои решението не е потврдено заради погрешна примена на законските и подзаконските акти и решенија по кои што предметите се вратени, односно не се потврдени заради доставување на потребни докази.“

Член 13

Членот 133 се брише.

Член 14

Во членот 160 став (1) точка 6) во алинејата 4 сврзникот „или“ се брише.

Алинејата 5 се брише.

Член 15

Во член 185 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За сместување во домовите и становите за живеење од ставот (1) на овој член корисникот на пензија поднесува барање до филијалата или деловница на Фондот според местото на живеење.“

Во ставот (2) кој станува став (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „образецот на барањето од ставот (2) на овој член и потребната документација.“.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Фондот води евиденција за распределба на домовите и становите за живеење согласно со Законот за општата управна постапка која содржи поднесени ба-

рања за сместување во домовите и становите за живеење, донесени одлуки и резултати од секоја електронска распределба на домовите и становите за живеење на корисниците на пензија.“

Член 16

По членот 185 се додава нов член 185-а ,кој гласи:

„Член 185-а

(1) Комисијата од членот 185 став (4) од овој закон во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за сместување во домовите и становите за живеење го разгледува барањето и донесува известување за исполнетост на условите за сместување во домовите и становите за живеење.

(2) Против известувањето од ставот (1) на овој член подносителот на барањето има право на приговор до Фондот во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето.“

Член 17

Во членот 207 став (2) се менува и гласи:

„Уверението од ставот (1) на овој член се издава во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.”

Ставот (3) се менува и гласи:

“Образецот на барањето за издавање на уверение за податоци внесени во матичната евиденција го пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“

Ставот (4) се менува и гласи.

„Против уверението од ставот (2) на овој член, осигуреникот има право на приговор до Фондот во рок од осум дена од денот на приемот на уверението.“

Ставовите (5) и (6) се бришат.

Член 18

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 19

Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 20

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 15, 16 и 17 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15 dhe 217/15) në nenin 11 në paragrafin (2) pas fjalës “ i siguruar” vendoset presje dhe shtohen fjalët: “formular me të cilin paraqitet kërkesa dhe dokumentacioni i nevojshëm.”

Neni 2

Në nenin 12 pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4), si vijon:

“(4) Formularin e kërkesës nga paragrafi (2) të këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm për sigurimin e vazhduar i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës”.

Neni 3

Neni 17 ndryshon si vijon:

“Formularin e kërkesës dhe dokumentacionin e nevojshëm për sigurim të detyrueshëm pensional dhe invalidor në bazë të invaliditetit dhe dëmtimit trupor i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës.”

Neni 4

Në nenin 112 pas paragrafit (2) shtohen dy paragrafë të rinj (3) dhe (4) si vijojnë:

“(3) Përcaktimi i stazhit të sigurimit me kohëzgjatje të zmadhuar nga paragrafi (1) të këtij neni kryhet pas kërkesës së paraqitur nga i siguruari te filiali i Fondit në bazë të vendit të sigurimit.

(4) Formularin e kërkesës nga paragrafi (3) të këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm për përcaktimin e stazhit të personit të siguruar me kohëzgjatje të zmadhuar i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës.”

Neni 5

Në nenin 117 pas paragrafit (1) shtohen dy paragrafë të rinj (2) dhe (3) si vijon:

“(2) Pagesa e ndihmës pas vdekjes nga paragrafi (1) të këtij neni kryhet pas kërkesës së paraqitur në filialin e Fondit nga personi i cili ka kryer pagesën e shpenzimeve për varrim.

(3) Formularin e kërkesës nga paragrafi (2) të këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm për pagesën e ndihmës pas vdekjes i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës”.

Neni 6

Në nenin 124 në paragrafin (1) pika shlyhet dhe shtohen fjalët: “në formë elektronike”.

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

“(2) Evidenca e të dhënave nga paragrafi (1) të këtij neni përmban: kontribute për anëtarët e fondit të detyrueshëm pensional nga obligimet për pagesën e kontributeve për sigurim pensional dhe invalidor, transferime të kontributeve të anëtarëve të fondeve të detyrueshme pensionale në llogaritë e fondeve të detyrueshme pensionale, transferime të kryera të kontributeve, llogari individuale të anëtarëve nga i cili shihet gjendja e kontributeve të paguara për anëtarët në secilin fond të detyrueshëm pensional dhe raporte të rregullta përmbledhëse me kërkesë të Agjencisë për Supervizion të Sigurimit Pensional me Financim Kapital për shkak të realizimit të funksioneve të saj.”

Neni 7

Në nenin 125 pas paragrafit (4) shtohen dy paragraf të rinj (5) dhe (6) si vijon:

"(5) Përcaktimi i cilësisë së personit të siguruar për personat nga paragrafi (4) pikat 2), 3) dhe 5) të këtij neni, kryhet pas parashtrimit të kërkesës.

(6) Formularin e kërkesës nga paragrafi (5) të këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm për përcaktimin e cilësisë së personit të siguruar nga paragrafi (4) pikat 2), 3) dhe 5) të këtij neni i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës."

Paragrafi (5) bëhet paragraf (7).

Paragrafi (6) i cili bëhet paragraf (8) ndryshon si vijon:

"(8) Nëse personat nga paragrafi (4) pikat 2), 3) dhe 5) të këtij neni nuk paraqesin fletëparaqitje, cilësinë e personit të siguruar e konstaton Fondi me detyrë zyrtare në bazë të të dhënave nga institucione kompetente se personat i plotësojnë kushtet për përcaktimin e cilësisë së personit të siguruar, në afat prej 15 ditë nga dita e marrjes së të dhënave."

Neni 8

Në nenin 126 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Formularin e kërkesës nga paragrafi (1) të këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm për realizimin e të drejtës për pensionin e moshës, pensionin familjar, pensionin invalidor, kompensim me para për dëmtim trupor, kërkesën dhe dokumentacionin e nevojshëm për përcaktimin e invaliditetit dhe formularin e propozimit nga paragrafi (2) të këtij neni i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës."

Paragrafët (3), (4), (5) dhe (6) bëhen paragrafë (4), (5), (6) dhe (7).

Neni 9

Në nenin 128 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Formularin e kërkesës nga paragrafi (1) të këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm për ndryshimin e gjendjes së invaliditetit dhe dëmtimit trupor të personit të siguruar i përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës. "

Neni 10

Pas nenit 131 shtohet nen i ri 131-a, si vijon:

"Neni 131-a

"(1) Komisioni për vlerësimin e aftësisë për punë mban evidencë mbi konstatimin e miratuar, vlerësimin dhe mendimin nga neni 130 paragrafi (1) të këtij ligji, në pajtim me Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative, i cili përmban: të dhëna personale për të siguruarin, përgatitja profesionale e të siguruarit, vendi i punës ose profesioni, dega e veprimtarisë në të cilën punon, emri i punëdhënësit, anamneza, dokumentacioni mjekësor i shfrytëzuar gjatë miratimit të konstatimit, vlerësimit dhe mendimit, gjendja objektive e të siguruarit gjatë kontrollit, diagnoza e sëmundjes me shifër të sëmundjes, sipas MKB-10, vlerësim dhe mendim për aftësinë për punë, shkaku i invaliditetit, përqindja e invaliditetit, data e shkaktimit të invaliditetit ose dëmtimi trupor dhe nevoja për kontroll me datën e ekzaminimit kontrollues.

(2) Komisioni për revizionin e konstatimit, vlerësimit dhe mendimit për përcaktimin e invaliditetit, respektivisht për punë mban evidencë mbi revizionin e kryer të nenit 131 të këtij ligji, në pajtim me Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative, e cila përmban: numrin rendor dhe numrin e lëndës, datën e parashtrimit të lëndës, emri dhe mbiemri i të siguruarit, numri amë i personit të siguruar, mendimi i dhënë në procedurën e revizionit, data e zgjidhjes së lëndës në procedurën për revizion, respektivisht konstatim, vlerësim dhe mendim të Komisionit për vlerësimin e aftësisë për punë ose Komisionit për kontroll ekzaminues të detyrueshëm."

Neni 11

Në nenin 132 në paragrafin (1) numri "60" zëvendësohet me numrin "30".

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Aktvendim për të drejtat e sigurimit pensional dhe invalidor me zbatimin e dispozitave të marrëveshjeve për sigurim social miraton Fondi, më së voni në afat prej 90 ditë nga dita e parashtrimit të kërkesës."

Paragrafi (3) bëhet paragraf (4).

Neni 12

Në nenin 132-a pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6), si vijon:

"(6) Seksioni për revizion nga paragrafi (2) të këtij neni, mban evidencë në pajtim me Ligjin për procedurë të përgjithshme kontestimore për lëndët për të cilat është kryer revizionin i cili përmban: emërtimin e filialit i cili ka miratuar aktvendimin, llojin e të drejtës, lëndët për të cilat është kryer revizioni, lëndët për të cilat është konfirmuar aktvendimi, lëndët për të cilat nuk është konfirmuar aktvendimi për shkak të zbatimit të gabuar të akteve ligjore dhe nënligjore dhe aktvendime për të cilat lëndët janë kthyer, respektivisht nuk janë konfirmuar për shkak të dorëzimit të provave të nevojshme."

Neni 13

Neni 133 shlyhet.

Neni 14

Në nenin 160 paragrafi (1) pika 6) në alinenë 4 fjala "ose" shlyhet.

Alineja 5 shlyhet.

Neni 15

Në nenin 185 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Për vendosje në shtëpitë dhe banesat për jetesë nga paragrafi (1) të këtij neni shfrytëzuesi i pensionit paraqet kërkesë te filiali ose dega e Fondit sipas vendit të jetesës. "

Në paragrafin (2) i cili bëhet paragraf (3) pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "formularin e kërkesës nga paragrafi (2) të këtij neni dhe dokumentacionin e nevojshëm."

Paragrafët (3) dhe (4) bëhen paragrafë (4) dhe (5).

Pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6), si vijon:

"(6) Fondi mban evidencë për shpërndarjen e shtëpive dhe banesave për jetesë në pajtim me Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative, e cila përmban: kërkesat e paraqitura për vendosje në shtëpitë dhe banesat për jetesë, vendime të marra dhe rezultate nga secila shpërndarje elektronike e shtëpive dhe banesave për jetesë të shfrytëzuesve të pensionit."

Neni 16

Pas nenit 185 shtohet nen i ri 185-a, si vijon:

"Neni 185-a

(1) Komisioni nga neni 185 paragrafi (4) nga ky ligj në afat prej 30 ditësh nga dita e parashtrimit të kërkesës për vendosje në shtëpitë dhe banesat për jetesë e shqyrton kërkesën dhe miraton njoftim për plotësimin e kushteve për vendosje në shtëpitë dhe banesat për jetesë.

(2) Kundër njoftimit nga paragrafi (1) i këtij neni parashtruesi i kërkesës ka të drejtë për kundërshtim te Fondi në afat prej tetë ditë nga dita e pranimit të njoftimit."

Neni 17

Në nenin 207 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Dëshmia nga paragrafi (1) i këtij neni lëshohet në afat prej 15 ditësh nga dita e parashtrimit të kërkesës.

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Formularin e kërkesës për lëshimin e dëshmisë për të dhëna të futura në evidencën e amzës e përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale në pajtim me ministrin e Shoqërisë Informatike dhe Administratës."

Paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"Kundër dëshmisë nga paragrafi (2) i këtij neni, i siguruari ka të drejtë për kundërshtim te Fondi në afat prej tetë ditë nga dita e pranimit të dëshmisë."

Paragrafët (5) dhe (6) shlyhen.

Neni 18

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 19

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me ligjin sipas të cilit kanë filluar.

Neni 20

Dispozitat nga nenet 1, 2, 3, 4, 5, 6 , 7, 8 , 9, 10, 11, 12, 13, 15, 16 dhe 17 të këtij ligji, do të fillojnë të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative në pajtim me nenin 141 të Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/15).

Neni 21

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

705.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инвалидски организации,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2016 година.

Бр. 08-882/1
9 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија" број 89/2008, 59/12, 23/13 и 150/15), во членот 11 став 1 зборот „писмено" се брише.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Образецот на барањето од ставот 1 на овој член го пропишува министерот за труд и социјална политика."

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Во членот 12 став 1 во воведната реченица зборовите: „писменото барање" се заменуваат со зборот „барањето".

Во точката 2 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „согласно со членот 10 од овој закон".

Во ставот 3 зборовите: „со членот 11 став 1 од овој закон" се заменуваат со зборовите: „Законот за општата управна постапка.".

Член 3

Во членот 13 став 1 зборот „Министерот" се заменува со зборот „Министерството", а точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во рок од осум дена од денот на доставување на мислењето на Комисијата".

Ставот 3 се менува и гласи:

„Комисијата од ставот 1 на овој член го изготвува мислењето за стекнување статус на инвалидска организација во рок од осум дена од денот на добиеното мислење од Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија и Националниот совет на инвалидските организации на Македонија."

Член 4

Во членот 14 став 1 зборот „Министерот" се заменува со зборот „Министерството".

Член 5

Во членот 21 став 1 зборот „писмено" се брише.

По ставот 1 се додаваат три нови става 2, 3 и 4, кои гласат:

„Образецот на барањето од ставот 1 на овој член го пропишува министерот за труд и социјална политика.

Министерството за труд и социјална политика со решение одлучува за доделување на статус на национална инвалидска организација, врз основа на претходно мислење на Комисијата од членот 13 став 1 од овој закон, во рок од осум дена од денот на доставување на мислењето на Комисијата.

Комисијата од членот 13 став 1 од овој закон го изготвува мислењето за стекнување статус на национална инвалидска организација во рок од осум дена од денот на добиеното мислење од Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија и Националниот совет на инвалидските организации на Македонија."

Ставот 2 станува став 5.

Член 6

Во член 36 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службното лице во Министерството за труд и социјална политика доколку не постапи во рокот од членовите 13 став 1 и 21 став 3 од овој закон.”

Член 7

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Започнатите постапки до денот на започнување на примената од овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ORGANIZATA INVALIDORE

Neni 1

Në Ligjin për organizata invalidore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 89/2008, 59/12, 23/13 dhe 150/15) në nenin 11 në paragrafin 1 fjala “shkrim” shlyhet.

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

“Formularin për kërkesën nga paragrafi 1 të këtij neni e përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Neni 2

Në nenin 12 paragrafi 1 në fjalinë hyrëse fjalët: “kërkesa me shkrim" zëvendësohet me fjalën "kërkesa".

Në pikën 2 pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët : “në pajtim ne nenin 10 të këtij ligji”.

Në paragrafin 3 fjalët: “me nenin 11 paragrafi 1 të këtij ligji” zëvendësohet me fjalët: “Ligji për procedurë të përgjithshme administrative."

Neni 3

Në nenin 13 në paragrafin 1 fjala “Ministri” zëvendësohet me fjalën “Ministria” ndërsa pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: “në afat prej tetë ditë nga dita e parashtrimit të mendimit të Komisionit".

Paragrafi 3 ndryshon si vijon:

“Komisioni nga paragrafi 1 i këtij neni e përpilon mendimin për fitimin e statusit të organizatës invalidore në afat prej tetë ditë nga dita e marrjes së mendimit nga Trupi Koordinues Nacional për të Drejta të Barabarta të Personave me Invaliditet në Republikën e Maqedonisë dhe Këshillit Nacional të Organizatave Invalidore në Maqedoni.”

Neni 4

Në nenin 14 në paragrafin 1 fjala “Ministri” zëvendësohet me fjalën “Ministria”.

Neni 5

Në nenin 21 në paragrafin 1 fjala “shkrim”, shlyhet.

Në paragrafin 1 shtohen tre paragrafë të rinj 2, 3 dhe 4 , si vijon:

“Formularin për kërkesën nga paragrafi 1 të këtij neni e përcakton ministri i Punës dhe Politikës Sociale.

Ministria e Punës dhe Politikës Sociale me aktvendim vendos për ndarjen e statusit të organizatës nacionale invalidore, në bazë të mendimit paraprak të marrë nga Komisioni nga neni 13 paragrafi 1 të këtij ligji, në afat prej tetë ditë nga dita e parashtrimit të mendimit të Komisionit.

Komisioni nga neni 13 paragrafi 1 i këtij neni e përpilon mendimin për fitimin e statusit të organizatës invalidore nacionale në afat prej tetë ditë nga dita e marrjes së mendimit nga Trupi Koordinues Nacional për të Drejta të Barabarta të Personave me Invaliditet në Republikën e Maqedonisë dhe Këshillit Nacional të Organizatave Invalidore në Maqedoni.”

Paragrafi 2 bëhet paragraf 5.

Neni 6

Në nenin 36 pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3 si vijon:

“Gjobë në shumë prej 25 deri në 50 euro në kundërvlerë të denarit do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit zyrtar të autorizuar në Ministrinë e Punës dhe Politikës Sociale nëse nuk vepron në afatin nga neni 13 paragrafi 1 dhe neni 21 paragrafi 3 të këtij ligji."

Neni 7

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohet në afat prej 30 ditë nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 8

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me ligjin me të cilin kanë filluar.

Neni 9

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë" ndërsa do të fillojë të zbatohet me fillimin e zbatimit të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative në pajtim me nenin 141 të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 124/15).

706.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2016 година.

Бр. 08-884/1
9 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 и 192/15), во член 41 по ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) Овластеното службено лице од центарот за социјална работа кое ја води постапката од ставот (6) на овој член е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето за остварување на право за заштита на децата, по службена должност да побара документација за која субјектот од ставот (5) на овој член води службена евиденција.

(8) Овластеното службено лице од ставот (5) на овој член од кој е побарана документацијата од ставот (7) на овој член е должно да ја достави бараната документација во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

Ставот (7) станува став (9).

Во ставот (8) кој станува став (10) зборовите: „ставот (2)" се заменуваат со зборовите: „ставот (3)".

Член 2

Во членот 42 став (1) се менува и гласи:

„(1) По барање за остварување, односно продолжување на правото за заштита на децата од членот 6 од овој закон, освен за правото од точката 5, решава центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето, за еднократна парична помош за новороденче решава центарот надлежен за подрачјето на кое мајката има постојано место на живеење во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето и за родителски додаток за дете решава центарот надлежен за подрачјето на кое мајката има постојано место на живеење во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето."

Во ставот (2) зборот „министерот" се заменува со зборот „министерството".

Член 3

Членот 46 се брише.

Член 4

Во членот 120 ставови (2) и (3) зборовите: „или АПТИС (APTIS)-најмалку ниво А2 (А2)" се бришат.

Член 5

По членот 195 се додава нов член 195-а, кој гласи:

„Член 195-а

(1) Евиденција за корисниците на парични права од заштита на децата содржи податоци за остварено право на:

- детски додаток,
- посебен додаток,
- еднократна прична помош за новороденче и
- родителски додаток за дете.

(2) Евиденцијата како и базата на податоци за корисниците на правата за заштита на децата од став (1) на овој член содржи податоци за единствен матичен број, пол, возраст, адреса на живење и други податоци за корисникот и членовите на неговото семејство, а кои се однесуваат за утврдување особено на личниот, материјалниот, здравствениот и социјалниот статус.

(3) Евиденцијата како и базата на податоци на корисниците на услуги во установите за деца содржи податоци за децата опфатени во установите за деца (ЕМБГ, презиме, татково име и име на детето, датум и место на раѓање, припадност на заедница, адреса, место на живеење, податоци за здравствениот статус на детето); родителите односно старателите на децата корисници на услугите во установите за деца (сродство со детето, име и презиме, ЕМБГ, датум и место на раѓање, пол, припадност на заедница, адреса и место на живеење, контакт телефон, мејл адреса, степен на образование), како и за вработените во установите за деца (ЕМБГ, презиме, татково име и име на вработениот, пол, припадност на заедница, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, општина, државјанство, вид и степен на образование, последно завршено училиште/факултет, претходно работно искуство, категорија на вработен, работно место, контакт телефон, мејл адреса, датум на вработување, датум на престанок на работен однос, инвалидност, ФЗО подрачна единица, ПИОМ број, основ за престанок на работен однос, статус на вработен) .

(4) Евиденцијата и базата на податоци од ставот (3) на овој член се води со цел унапредување на процесите и процедурите потребни за управување со човечки ресурси, финансиите и инфраструктурата во установите за деца, обезбедување на навремени, конзистентни, целосни и точни податоци што ќе претставуваат поддршка на процесот на донесување на одлуки, спроведување на политики и планирање на реформи во дејноста, обезбедување на податоци за електронско водење на педагошката евиденција и документација.

Në Ligjin për sigurim shëndetësor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15 dhe 217/15), në nenin 9 pas paragrafit 4 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

"Si shërbime shëndetësore themelore konsiderohen edhe barnat që nuk janë në listën e barnave nga paragrafi 1 nën a) pika 8) dhe nën v) pika 2) të këtij neni, që Institucionet Shëndetësore Publike i furnizojnë pas pëlqimit paraprak të Ministrisë së Shëndetësisë dhe Fondit.".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

724.

Врз основа на членот 34 став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 февруари 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ НА ЗАФАЌАЊЕ ОД ВКУПНИОТ ГОДИШЕН ПРИХОД НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

1. Се утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2016 година да изнесува 0,052% .

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1017/1 12 февруари 2016 година Скопје	Претседател на Собранието на Република Македонија, **Трајко Вељаноски**, с.р.

725.

Врз основа на членот 12 став 4 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 27/14, 42/14, 187/14 и 146/15),Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1037/1 12 февруари 2016 година Скопје	Претседател на Собранието на Република Македонија, **Трајко Вељаноски**, с.р.

726.

Врз основа на членот 56 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14 и 192/15), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ШТО ГО НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

Собранието на Република Македонија дава согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2016 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1038/1 12 февруари 2016 година Скопје	Претседател на Собранието на Република Македонија, **Трајко Вељаноски**, с.р.

727.

Врз основа на членот 13 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15 и 152/15), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

Собранието на Република Македонија дава согласност на Предлогот на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1039/1
12 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

728.

Врз основа на членот 13 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15 и 152/15), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 февруари 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

Собранието на Република Македонија дава согласност на Предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1040/1
12 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

729.

Врз основа на член 63 став (2) од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15 и 6/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.2.2016 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ОД НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа уредба се врши класификација на објектите за спорт од национално и локално значење, во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Објектите за спорт во сопственост на Република Македонија се класифицираат согласно нивната функционалност, опременост, безбедност, инфраструктурни компоненти и содржини за спорт и спортско рекреативни активности, согласно стандардите за организирање национален и меѓународен систем на натпревари.

Член 3

Објектите за спорт се класифицираат на:

- објекти за спорт од национално значење во сопственост на Република Македонија;
- објекти за спорт од локално значење во сопственост на Република Македонија кои се дадени на користење на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Член 4

(1) Објектите за спорт од национално значење во сопственост на Република Македонија се дадени во Прилог број 1, кој е составен дел на оваа уредба .

(2) Објектите за спорт од локално значење во сопственост на Република Македонија дадени на користење на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се наведени во Прилог број 2, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-251/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

Прилог број 1

Објекти за спорт од национално значење во сопственост на Република Македонија

Реден број	Спортски објект	Адреса	Имотен лист	КЛАСИФИКАЦИЈА
1.	СРЦ „САРАЈ“		ИЛ 9168 ИЛ 10393	НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС
2.	Стаза за кајак на диви води „МАТКА“		ИЛ 531 КО МАТКА	НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС
3.	Спортски АЕРОДРОМ СТЕНКОВЕЦ со два хангари		ИЛ бр.971 и ИЛ бр.262 (земјиште) ИЛ бр. 2589 (објекти)	НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС
4.	СПОРТСКА САЛА ПАРК - Струмица		ИЛ 15664-објект ИЛ 14040-земјиште	НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС
5.	ФУДБАЛСКИ СТАДИОН - Струмица		ИЛ 13135 и ИЛ 14211-земјиште ИЛ 5640-објект	НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС
6.	РАКОМЕТНО ИГРАЛИШТЕ (отворен тип) - Струга		ИЛ 6637 и ИЛ 1515	НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС
7.	Пливачки базен во Струга		/	НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС

Прилог број 2

Објекти за спорт од локално значење во сопственост на Република Македонија

Реден број	Спортски објект	Адреса	Имотен лист	КЛАСИФИКАЦИЈА
1.	**СРЦ КАЛЕ- САЛА 1**	ул. Лазар Личеноски бр.31	**ИЛ 9314**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
2.	**СРЦ КАЛЕ- САЛА 2**	ул. Лазар Личеноски бр.31	**ИЛ 9314**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
3.	**ХОКЕАРСКО ИГРАЛИШТЕ - КАЛЕ**	ул. Лазар Личеноски бр.31	**ИЛ 9314**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
4.	**ОТВОРЕН БАЗЕН - КАЛЕ**	ул. Лазар Личеноски бр.31	**ИЛ 9314**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
5.	**РАСАДНИК**	ул. Народни Херои	**/**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Кисела Вода**
6.	**Ракометно игралиште – АРЕНА ПАРК - Скопје**		**/**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
7.	**Фудбалско игралиште ЛОКОМОТИВА - Скопје**	ул. Илинденска бб.	**ИЛ 4917**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Карпош**
8.	**Спортска сала ДТВ Партизан Ѓорче Петров**	ул. Шидска бр.14	**ПЛ.9252**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Ѓорче Петров**
9.	**Фудбалско игралиште - МАКЕДОНИЈА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**	ул.Ѓуро Салај бб.	**ИЛ 53258**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Ѓорче Петров**
10.	**Фудбалско игралиште АЛУМИНА**	ул.Илинденска бб.	**ИЛ 4917**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Карпош**
11	**Ракометно Игралиште Алумина**	Бул. Октомвриска револуција	**ИЛ.бр.4917**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Карпош**
12.	**Спортски Автодром - Скопје**		**ИЛ 9314**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
13.	**Сојуз на спортови на Град Скопје - Градски парк**	ул.Ј.Х.Џинот 12А	**ИЛ 44523**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**

14.	**Спортска сала „Работнички" Градски парк**	Градски Парк	**ИЛ 44299**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
15.	**Стрелиште – КАМНИК - Скопје**		**/**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
16.	**Спортски игралишта на РАБОТНИЧКИ - Скопје**		**ИЛ 48068**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
17.	**Терени на Тениски клуб ЈУГ (Градски парк) - Скопје**		**ИЛ 9204**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
18.	**Рекреативен центар за спортови на Вода КАЈАКАНУ во Градски Парк - Скопје**		**ИЛ 47406**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
19.	**Олимписки Базен Скопје**	Бул. Кочо Рацин бб	**ИЛ 47527**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС град Скопје**
20.	**Спортска сала МАКЕДОНИЈА – Прилеп**	ул.Цане Кузмановски	**ИЛ 33228**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Прилеп**
21.	**Фудбалски стадион - Прилеп**	ул.М.Пијаде	**ИЛ 35279**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Прилеп (ова е веќе дадено со Одлука на Влада на о.Прилеп)**
22.	**Спортски комплекс МАРКОВИ КУЛИ, отворен пливачки Базен, тениски игралишта и Спортска сала**	ул.Ј.Јордановски	**ИЛ 33228**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Прилеп**
23.	**СРЦ 26 Април**		**ИЛ.бр.35559**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Гевгелија**
24.	**Спортска сала ДТВ ПАРТИЗАН**	ул. Јосиф Јосифовски бб	**ИЛ 1024**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Гевгелија**
25.	**Спортска сала ЈАСМИН - Кавадарци**	ул. 7 септември	**ИЛ.бр.1420**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Кавадарци (да се провери мислам дека е во сопственост на о.Кавадарци)**
26.	**ГРАДСКИ ФУДБАЛСКИ СТАДИОН - Кавадарци**	Место викано ПАРКОТ	**ИЛ.бр.1659**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Кавадарци**
27.	**С. објект ДТВ Партизан - Кавадарци**	ул. 7 Септември	**ИЛ.бр.3885**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Кавадарци**

28.	**Градски Базен Делчево**	Кеј на Ослободување	**ИЛ.бр.1593**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Делчево (СОПСТВЕНИК ЈП)**
29.	**Градски стадион Делчево**		**ИЛ.бр.1593**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Делчево (СОПСТВЕНИК ЈП)**
30.	**Спортска сала ПАРТИЗАН - Струмица**		**ИЛ 6750 - земјиште ИЛ 6515, ИЛ 5640, ИЛ 11849-објект**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Струмица (или да оди на продажба???)**
31.	**Спортска сала МЛАДОСТ - Неготино**	Место викано СРЦ	**ИЛ.бр.5952**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Неготино (овде има и 5 вработени!!!)**
32.	**Спортска сала - Штип**		**ИЛ 1, КО Штип 3**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Штип**
33.	**Спортска сала – СОКОЛАНА Кратово**	Ул. Гоце Делчев бб	**ИЛ.бр. 229 (само земјиште!)**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Кратово (СОПСТВЕНИК ЈП)**
34.	**СТАДИОН СО ПОМОШНО ИГРАЛИШТЕ – М.Каменица**	Првомајска	**ИЛ 589,**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Македонска Каменица**
35.	**Спортска сала ДТВ ПАРТИЗАН - К.Паланка**	М.Тито бб	**ИЛ 8128, ИЛ 1788**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Крива Паланка (да се провери, мислам дека салата е во сопственост на општината)**
36.	**Градски Стадион Виница**	Славчо Стојменов	**ИЛ 6536**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Виница**
37.	**ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ - Дебар**		**ИЛ 4481**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Дебар**
38.	**Спортска сала ДГС Партизан - Дебар**	Ул. Вељко Влаховиќ бб	**ИЛ.бр.4481 и 1160**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Дебар**
39.	**Спортски аеродром со хангар - Куманово**	с.Ржановце	**ИЛ.бр.167**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Куманово**
40.	**Базен Чаир**	ул.Втора Македонска Бригада	**ИЛ 3794 и Е.Л. бр.42466**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС општина Чаир**
41.	**Сала ДГС Партизан Градски парк - Скопје**	Ул. Јордан Хаџи Константинов Џинот бб	**ИЛ 101664**	**ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС Град Скопје**

730.

Врз основа на член 63 став (3) од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15 и 6/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.2.2016 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ОД НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Член 1

Со оваа уредба се уредува начинот на користење на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија и единиците на локална самоуправа.

Член 2

(1) Од страна на Агенцијата за млади и спорт во јуни и декември во тековната година на веб страната се објавува јавен повик за користење на деловите од објектите за спорт од национално значење што се во функција на спортот, од страна на националните спортски федерации за настапи на национални репрезентации, настапи на спортски клубови на натпревари од меѓународен карактер, натпревари од највисок ранг на домашни спортски првенства и слично.

(2) Националните спортски федерации и спортските клубови кои ќе имаат настапи на натпревари од меѓународен карактер, натпревари од највисок ранг на домашни спортски првенства, поднесуваат барање за користење термини на деловите од објектите за спорт од национално значење што се во функција на спортот, кон кое се приложува полугодишен план со календар за месечни активности за тренинг и натпревари.

(3) Барањето од став (2) на овој член се поднесува најдоцна седум дена од денот на објавувањето на јавниот повик од став (1) на овој член.

(4) Во случај барањето да биде поднесено од два или повеќе субјекти од став (2) на овој член, за користење ист термин, приоритет ќе имаат субјектите кои ќе организираат подготвителни тренинзи и натпревари од највисок степен во сениорска конкуренција, па редоследно во пониските степени на натпревари и пониските возрасни категории.

(5) За користење на деловите од објектите за спорт од национално значење што се во функција на спортот, од страна на Агенцијата за млади и спорт на официјалната веб-страна се објавува полугодишен календар со издадени термини и се доставува писмено известување до корисниците најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на јавниот повик од став (1) на овој член.

(6) Користењето на делот од објектот за спорт од национално значење што е во функција на спортот се врши врз основа на склучен договор помеѓу Агенцијата за млади и спорт и корисникот.

(7) Доколку настанат промени во издадените термини за користење на деловите од објектите за спорт од национално значење што се во функција на спортот, од страна на Агенцијата за млади и спорт се врши ажурирање на календарот за издадени термини од став (5) на овој член најдоцна два дена од денот на настанатата промена.

Член 3

(1) Слободните термини кои не се издадени согласно член 2 од оваа уредба, за деловите од објектите за спорт од национално значење што се во функција на спортот, по претходно доставено барање се даваат на користење на физички и правни лица за реализација на тренинг и натпревари, како и за рекреативни активности и други настани.

(2) По поднесените барања од страна на субјектите од став (1) на овој член, од страна на Агенцијата за млади и спорт се издава термин согласно календарот од член 2 став (5) од оваа уредба. Во случај барањето да биде поднесено од два или повеќе субјекти од став (1) на овој член за користење на ист термин, термин ќе се издаде на субјектот кој прв поднел барање.

(3) Користењето на делот од објектот за спорт од национално значење што е во функција на спортот се врши врз основа на склучен договор помеѓу Агенцијата за млади и спорт и корисникот.

Член 4

(1) Од страна на единиците на локална самоуправа во месец јуни и декември во тековната година на веб страната се објавува јавен повик за користење на деловите од објектите за спорт од локално значење кои се во функција на спортот, од страна на националните спортски федерации за настапи на национални репрезентации, настапи на спортски клубови на натпревари од меѓународен карактер, натпревари од највисок ранг на домашни спортски првенства и слично.

(2) Националните спортски федерации и спортските клубови кои ќе имаат настапи на натпревари од меѓународен карактер, натпревари од највисок ранг на домашни спортски првенства, поднесуваат барање за користење термини на деловите од објектите за спорт од локално значење кои се во функција на спортот, кон кое се приложува полугодишен план со календар за месечни активности за тренинг и натпревари.

(3) Барањето од став (2) на овој член се поднесува најдоцна седум дена од денот на објавувањето на јавниот повик од став (1) на овој член.

(4) Во случај барањето да биде поднесено од два или повеќе субјекти од став (2) на овој член, за користење ист термин, приоритет ќе имаат субјектите кои ќе организираат подготвителни тренинзи и натпревари од највисок степен во сениорска конкуренција, па редоследно во пониските степени на натпревари и пониските возрасни категории.

(5) За користење на деловите од објектите за спорт од локално значење кои се во функција на спортот, од страна на единиците на локална самоуправа на официјалната веб-страна се објавува полугодишен календар со издадени термини и се доставува писмено известување до корисниците најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на јавниот повик од став (1) на овој член.

(6) Користењето на делот од објектот за спорт од локално значење кои се во функција на спортот, се врши врз основа на склучен договор помеѓу единиците на локална самоуправа и корисникот.

(7) Доколку настанат промени во издадените термини за користење на деловите од објектите за спорт од локално значење што се во функција на спортот, од страна на единиците на локална самоуправа се врши ажурирање на календарот за издадени термини од став (5) на овој член најдоцна два дена од денот на настанатата промена.

Член 5

(1) Слободните термини кои не се издадени согласно член 4 од оваа уредба, за деловите од објектите за спорт од локално значење кои се во функција на спортот, по претходно доставено барање се даваат на користење на физички и правни лица за реализација на тренинг и натпревари, како и за рекреативни активности и други настани.

(2) По поднесените барања од страна на субјектите од став (1) на овој член, од страна на единиците на локална самоуправа се издава термин согласно календарот од член 4 став (5) од оваа уредба. Во случај барањето да биде поднесено од два или повеќе субјекти од став (1) на овој член за користење на ист термин, термин ќе се издаде на субјектот кој прв поднел барање.

(3) Користењето на делот од објектот за спорт од локално значење кои се во функција на спортот, се врши врз основа на склучен договор помеѓу единиците на локална самоуправа и корисникот.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-292/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

731.

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15 и 11/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.2.2016 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/16) во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.1. алинејата 3 се менува и гласи:

„-Висината на директните плаќања за пченица, јачмен, пченка, ориз, тритикале, соја, сончоглед, маслодајна репка, афион, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и луцерка изнесува 12.000,00 денари по хектар, со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал според минимално употребената количина на семе по хектар. Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба;“.

Во подмерката 1.2. во алинејата 1 по зборот „засеани“ се додаваат зборовите „со сертифициран семенски материјал“.

Во подмерката 1.4 во алинејата 2 по сврзникот „за“ се додаваат зборовите „засеани површини со сертифициран семенски материјал од“.

Во алинејата 3 зборовите „без примена на систем за наводнување“ се заменуваат со зборовите „ на останатите површини“.

Во подмерката 1.5. во алинеите 1 и 3 зборовите „култивирани произведени ароматични и зачински растенија“ се заменуваат со зборовите „засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и за одржување на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- Листата на засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 3 од оваа подмерка е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба. Листата на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 3 од оваа подмерка е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба.“.

Во подмерката 1.8. алинејата 2 се менува и гласи:

„-Декоративните и брзорастечките садници кои се предмет на директни плаќања за оваа подмерка е дадена во Табела на декоративни и брзорастечки садници во Прилог 4 кој е составен дел на оваа уредба;“.

Во подмерката 1.9.во алинеја 1 по зборот „стопанства“ се додаваат зборовите „и не поднеле барање за користење на средства за подигање на нови површини со овошни насади за истите катастарски парцели по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година;“.

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- Прифатлив минимален број на овошки по хектар за секој овошен вид одделно е даден во Табела за минимален број на овошки по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови во Прилог 5 кој е составен дел на оваа уредба;“.

Во алинејата 4 по зборот „јаболко“ се додаваат зборовите „праска, кајсија, креша“.

По подмерката 1.16. се додава нова подмерка 1.17. која гласи:

1.17.	Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистар на снабдувачи на саден материјал кои имаат произведено и продадено младо растение од родот Орхидеи вид Phalaenopsis во инвитро услови во период од 1 јануари до 15 мај 2016 година; -Висината на директните плаќања изнесува 70,00 денари по продадено младо растение кое е произведено во инвитро услови со микроразмножување и користење на хранливи агарски подлоги кои имаат желатинска структура во санитарно-исправни услови -Максимален број на млади растенија е 88.000 по корисник

Во подмерката 1.18 во алинеја 1 зборовите „сите нивни производни капацитети“ се заменуваат со зборовите „сите евидентирани парцели во Единствениот регистар на земјоделски стопанства“.

Во ставот (3) во табелата во подмерката 2.15. во алинејата 1 зборовите „произведени во Република Македонија“ се бришат.

Во алинејата 3 бројот „120“ се заменува со бројот „121“.

Во ставот (4) точка 1) во алинејата 1 по бројот „1.5.“ се додава бројот „1.7.“.

Во алинејата 3 по бројот „1.4.“ се додава бројот „1.5.“.

Во алинејата 5 по бројот „2.5.“ се додава бројот „2.6.“.

Точката 2) се менува и гласи:

„За дополнителни директни плаќања за подмерките од ставовите (2) и (3) на овој член сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод.

- Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и сточарско органско производство и производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 30% во однос на директните плаќања предвидени во став (2) на овој член во подмерки 1.3., 1.4., 1.8., 1.13., 1.14., 1.15. и 1.16..

- Висината на директните плаќања се зголемува за 50% во однос на директните плаќања предвидени во став (2) на овој член во подмерка 1.1. алинеја 3 и во ставот (3) на овој член во подмерките 2.1., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.10., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.18., 2.19., 2.20., 2.21., 2.22., 2.23. и 2.25..

- Висината на директните плаќања се зголемува за 70% во однос на директните плаќања предвидени во став (2) на овој член во подмерки 1.1 алинеја 4, 1.7., 1.9., 1.10. и 1.11. За овоштарското и лозарското производство висината на директните плаќања се пресметува скалесто и тоа: од 0,1 ха до 10 ха 100%, од 10,1 ха до 40 ха 60%, од 40,1 ха до 60 ха 30% и над 60 ха 10%.

- Висината на директните плаќања се зголемува за 100% во однос на директните плаќања предвидени во ставот (2) на овој член во подмерки 1.5. и 1.6.“.

Член 2

Во членот 3 ставот (3) се брише.

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (3), (4), (5), (6), (7) и (8).

По ставот (10) кој станува став (9) се додаваат 10 нови става(10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18) и (19) кои гласат:

„(10) Кога барателот ги нема намирено финансиските обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта по основ на користење на пасишта во државна сопственост и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија по основ на неплатен воден надоместок ќе се овозможи меѓусебно пребивање на ненамирените финансиски обврски со одобрениот износ на финансиска поддршка, по претходна согласност на барателот со поднесена изјава заверена на нотар дека е согласен ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка.

(11) Изјавата од став (10) на овој член барателот е должен да ја достави до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 20 дена од денот на доставување на известувањето за ненамирени финансиски обврски од став (10) на овој член од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(12) Во случај кога барателот нема да достави согласност во рокот од став (11) од овој член, на истиот не му се исплаќа одобрениот износ на финансиска поддршка.

(13) Доколку одобрениот износ на финансиска поддршка на корисникот не е доволна за подмирување на сите обврски на корисникот утврдени во став (10) од оваа уредба, подмирувањето на обврските се врши по следниот редослед:

1. неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште,

2. склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

3. обврски по однос на неплатен воден надомест и

4. неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(14) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2016 година за следните основи:

- неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште и

- склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(15) Подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2016 година по основ за неплатен воден надоместок.

(16) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2016 година за неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(17) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија податоците од ставовите (14), (15) и (16) на овој член ги доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по електронски пат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

(18) Ажурирањето на внесените податоци врз основа на извршена уплата и/или технички грешки при пријавувањето на податоците за ненамирени финансиски обврски ќе го вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија.

(19) Податоците од ставовите (15), (16) и (17) од овој член кои ги доставуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој треба да ги содржат видот на обврската, висината на обврската (главен долг и камата), основот од кој произлегува обврската, податоци за должникот (име и презиме/назив, ЕМБГ/ЕМБС), податоци за сметка на субјектот на која треба да се изврши исплатата на обврската и истите треба да бидат целосни, комплетни и валидни за да се сметаат за основ за вршење на пребивање.“.

Член 3

Во член 4 во точката 1. бројот „1.2.“ се брише.

По точката 1. се додава нова точка 2. која гласи:

„2.До 31 октомври 2016 година за подмерка 1.2. од оваа уредба.“.

Точките 2., 3. и 4. стануваат точки 3., 4. и 5..

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во,,Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1463/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

Прилог 1

Табела за минимално употребени количини семе по хектар

Вид	**Минимална употребена количина на семе во кг./ха**
Пченица	180
Јачмен	160
Тритикале	180
Рж	180
Овес	120
Ориз	170
Пченка	15
Сирак	10

Прилог 2

Листа на засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Valeriana officinalis – мачкина трева (валеријана)
2. Inula helenium L. – оман (голем корен, волско око)
3. Ocimum basilicum L – босилек
4. Trigonella foenumgraecum L – грчко семе (пискавица, сминдух)
5. Angelica archangelica L. - ангелика
6. Digitalis lanata Ehrh. – волнест напрсток (бесник)
7. Chamomilla recutita L. /Matricaria chamomilla - камилица
8. Centaurea cyanus L. – синчец
9. Silybum marianum L. – (сикавица, дива артичока, бадељ)
10. Petroselinum crispum Mill. - магдонос
11. Calendula officialis L. - невен
12. Achilea millefolium L. – ајдучка трева
13. Echinacea purpurea (angustiflia) – сончев шешир
14. Plangato lanceolata L. – теснолистен тегавец
15. Hissopus officinalis L. - изоп
16. Pimpinella anisum L. - анасон
17. Foeniculum vulgare var. dulce Mill. – сладок анасон (феникулум)
18. Arnica montana - арника
19. Urtica dioica L. - коприва
20. Gentiana lutea L. - линцура
21. Verbascum phlomolides и Verbascum densiflorum – лопен
22. Malva silvestris L. – црн слез (див слез, голем слез)
23. Althaea officinalis L.– бел слез
24. Saturea hortensis (montana) L.– чубрица
25. Anetum graveolens L. - копар
26. Artemisia dracunculus– естрагон,
27. Coriandrum sativum L. – кориандер
28. Sinapsis alba L. – бел синап
29. Artemisia absinthium L. – пелин (бел пелин, питом пелин)
30.Cuminum cyminum L. –кумин
31. Carum carvi L -ким
32. Laurus nobilis L.-ловор

Прилог 3

Листа на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Lavandula angustifolia L. - лаванда
2. Melissa officinalis L. – маточина (пчелина трева, лимон трева)
3. Mentha piperitae L - нане
4. Salvia officinalis L. - жалфија
5. Hipericum perforatum L. - кантарион
6. Majorana hortensis (Origanum majorana) L. – мајоран
7. Thymus vilgaris L. - тимјан
8. Thymus serpyllum L.-мајчина душичка
9.Rosmarinus officinalis L.-рузмарин
10. Origanum vulgare - оригано
11.Helichrusum italicum - смиље
12. Galeopsistetrahit L. - конопица

Прилог 4

Табела на декоративни и брзорастечки садници

Р. Бр.	**Декоративни садници**
1	Cerdus spp.
2	Chamaecyparis law. allumi
3	Chamaecypariselwodi
4	Chamaecyparis law. columnaris
5	Cupressus spp.
6	Criptomeria japonica
7	Juniperusretinospora
8	Juniperus com hibernika
9	Juniperushorizontalis
10	Juniperusskyrocel
11	Juniperus chin. blue variety
12	Pinusmugo
13	Pinus spp.
14	Piceapungens
15	Piceaexcelsa
16	Sequoin gigantean
17	Taxus spp.
18	Thuja occ. plicata
19	Thuja occ. rozentalie
20	Thuja occ. wudvordii
21	Thuja occ. reingold
22	Thuja occ. plicata
23	Thuja occ. berkman
24	Thuja occ. Smaragd
Брзорастечки растенија	
1	Paulownia
2	Paulownia Elongata
3	Paulownia Tomentoza

Прилог 5

Табела за минимален број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови

Ред. број	Овошен вид	Прифатливиот број на садници по хектар е над
1.	јаболка	400
2.	круши	330
3.	дуњи	500
4.	мушмула	550
5.	слива	330
6.	праски	330
7.	кајсија	400
8.	череши	240
9.	вишна	500
10.	орев	70
11.	бадем	330
12.	лешник	270
13.	питом костен	200
14.	актинидија (киви)	550
15.	маслинка	330
16.	калинка	620
17.	јапонско јаболко	330
18.	смоква	500
19.	аронија	1400
20.	боровинка	2200
21.	шип	1660
22.	рибизла	3330
23.	малина	8000
24.	капина	1250
25.	јагода	31000
26.	гоџи бери	2500

732.

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје се даваат на трајно користење, без надомест, недвижните ствари - објекти на Железничко одморалиште „Свети Стефан" - Охрид кои се наоѓаат во Охрид на КП 2600/1, КО Коњско, запишани во Имотен лист број 1789, сопственост на Република Македонија, со вкупна површина од 2.284 м2 и тоа:

- зграда бр.1, приземје, влез 5, намена ПП (А5-4), внатрешна површина 5м2 ;
- зграда бр.1, приземје, влез 9, намена ДП (Б4-4), внатрешна површина 20м2
- зграда бр.1, приземје, влез 9, намена ДП (Б4-4), внатрешна површина 20м2
- зграда бр.1, кат 1, влез 1, намена ПП (Б5-1), внатрешна површина 98м2;
- зграда бр.1, кат 1, влез 1, намена СТ (Б5-1), внатрешна површина 419м2;
- зграда бр.1, кат 2, влез 1, намена СТ (Б5-1), внатрешна површина 339м2;
- зграда бр.1, кат 2, влез 1, намена ПП (Б5-1), внатрешна површина 65м2;
- зграда бр.1, приземје, влез 1, намена СТ (Б5-1), внатрешна површина 444м2
- зграда бр.1, приземје, влез 1, намена ПП (Б5-1), внатрешна површина 29м2;
- зграда бр.1, приземје, влез 2, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 53м2;
- зграда бр.1, приземје, влез 4, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 111м2
- зграда бр.2, приземје, влез 5, намена ПП (А5-4), внатрешна површина 19м2
- зграда бр.2, приземје, влез 5, намена ПП (А5-4), внатрешна површина 4м2;
- зграда бр.2, приземје, влез 2, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 121м
- зграда бр.2, подрум, влез 4, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 27м2;
- зграда бр.2, приземје, влез 4, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 38м2
- зграда бр.3, приземје, влез 2, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 419м
- зграда бр.3, подрум, влез 4, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 34м2;
- зграда бр.3, приземје, влез 4, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 8м2;
- зграда бр.4, приземје, влез 4, намена ДП (Б6-3), внатрешна површина 11м2;

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-297/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

733.

Врз основа на член 50 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15 и 193/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПОСЕБЕН ИНТЕРЕС ЗАРАДИ ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука како градби од посебен интерес се утврдуваат градби со основна класа на намена Е2-пристаниште со придружни содржини и градба за потреби-

те на Капетанија на пристаништата, кои е потребно да се предвидат во рамки на КП 15496, запишана на Имотен лист бр. 3745 за КО Охрид 3; КП 15498, запишана на Имотен лист бр. 100058 за КО Охрид 3 и во водениот простор на внатрешните води на Охридското Езеро, на површина од околу 50000 м2, кои граничат со КП 16346/1, запишана во Имотен лист бр. 102998 за КО Охрид 3; КП 16514, запишана во Имотен лист бр. 103008 за КО Охрид 3 и КП 15498 запишана во Имотен лист бр. 100058 за КО Охрид 3, преку изработка на урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-461/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

734.

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари – објекти, на ул. „Народен фронт“ бр. 19 во Скопје, на КП 83/2, КО Центар 2, и тоа :

- зграда 1, намена на зграда А2-2, влез 1, кат приземје, ХС со корисна површина од 21 м2 и
- зграда 1, намена на зграда А2-2, влез 1, кат мезанин, ХС со корисна површина од 20 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-472/1
2 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

735.

Врз основа на член 15 став (21) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Со оваа одлука се одбива иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на локалитетот „Клисурата“ с.Дреново Општина Кавадарци, поднесена од Друштвото за ограничена одговорност за проектирање, градежништво, внатрешна и надворешна трговија УРБАН ИНВЕСТ ДОО Грков Јован Кавадарци, бр. 24-6458/1 од 24.12.2014 година, бидејќи е доставено негативно мислење од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство бр. 08-1152/2 од 4.5.2015 година од причина што просторот предвиден за вршење на геолошки истражувања на минерална суровина го зафаќа јужниот и југозападниот дел од ридот Градиште с.Дреново, Општина Кавадарци, и според Евиденцијата на недвижно културно наследство на територијата на Република Македонија, лежи археолошкиот локалитет „Градиште-Девол Град“ с.Дреново, потврден како населба од предримскиот и римскиот период, а надлежната установа за заштита, Национален конзерваторски центар од Скопје, води постапка за воспоставување на привремена заштита на археолошкиот локалитет поради што до завршување на постапкта не треба да се вршат детални геолошки истражувања на предложениот простор.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-543/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

736.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“, бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.2.2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕЗАКОНСКОТО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Министерството за правда му престанува користењето на движните ствари и тоа:

Реден број	Опис на движните ствари	Количина	Инвентарен број	Вредност во денари
1	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6686	68.609,00
2	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6687	68.609,00
3	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6688	68.609,00
4	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6689	68.609,00
5	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6690	68.609,00
6	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6691	68.609,00
7	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6692	68.609,00
8	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6693	68.609,00
9	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6694	68.609,00
10	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6695	68.609,00
11	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6696	68.609,00
12	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6697	68.609,00
13	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6698	68.609,00
14	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6699	68.609,00
15	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6700	68.609,00

16	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6701	68.609,00
17	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6702	68.609,00
18	Персонален компјутер ASUS Intel H8 1 M 4GB DDR3 HDD 500Gb DVD-RW Asus case Monitor 22” VS 228DE Windows Pro 8.1 64 bit Eng 1 pk OEM Microsoft Office Home and Business	1	6703	68.609,00
